# Д О Г О В О Р
## за вршење дејност од областа на културата во врска со колективно управување на авторските музички права

Склучен на ден ______________ год. помеѓу:

1.**ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЗАШТИТА НА АВТОРСКИ МУЗИЧКИ ПРАВА-ЗАМП Скопје**, ул. „Митрополит Теодосиј Гологанов„ бр. 28 - Скопје, застапувано од Директорот ***Васковски Зоран*** (во понатамошен текст ЗАМП) и
2. ________________________________________________________________ со седиште на ул. __________________________ , претставувано од _________________________ (во понатамошниот текст корисник), со жиро сметка _________________________ и даночен број ______________________ депонент на ____________________________.

**чл. 1**

ЗАМП, како овластено здружение согласно Законот за авторското право и сродните права, кој врши колективно управување на правата од јавно изведување на несценско музичко и несценско книжевно дело (мали права) на територијата на Република Македонија, му дава генерална дозвола на корисникот за вршење дејност од областа на културата во врска со авторските дела од репертоарот на ЗАМП.

**чл. 2**

Реперотарот на ЗАМП го сочинуваат правата што произлегуваат од јавно изведување на:
- музички несценски дела (ораториуми, кантати, творби на симфониската, камерната, солистичката, хорската, забавната, детската, народната музика и сл.);
- фрагменти на музички сценски дела (опера, оперета, балет и сл. без оглед на траењето, под услов тие фрагменти да не претставуваат драмска целина);
- музика од музичко кореографски дела (концертни и радио изведувања) без оглед на траењето;
- ненарачани музички творби користени во драмски дела било да се користени како музичка придружба или како илустрација или да се вклопени во самиот драмски текст;
- нарачна или ненарачна музика користена во ТВ серии;
- несценски музички творби што драмско-сценски или кореографски се прикажуваат на сцена или ТВ;
- нарачана или ненарачана музика за музичко-литературни емисии или приредби (музички пркази, рецитали, хуморстични, репортажни и сл. емисии и приредби и др.);
- други авторски дела што ги штити ЗАМП врз основа на посебно одобрување од авторот или друга авторска организација.

чл. 3

Корисникот се обврзува за секое јавно изведување, односно објавување на авторските дела наведени во чл. 2 од овој Договор да го извести ЗАМП и да побара Дозвола за користење, 15 (петнаесет) дена пред изведувањето односно објавувањето .

чл. 4

Корисникот се обврзува во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на користењето, да му достави на ЗАМП целосни податоци за користените дела, за местото и времето на користењето.

чл. 5

Корисникот се обврзува да плати авторски надомест согласно Правилникот со тарифа за користење авторски музички дела (Сл. весник на РМ бр. 154/11) за користењето на авторските дела во рок од 15 дена по изведувањето, односно објавувањето.

чл. 6

Корисникот се обврзува да води уредна евиденција за остварените приходи, кои служат како основа за пресметка на авторскиот надомест.

ЗАМП има право на увид и контрола во податоците од кои зависи висината на авторскиот надомест, а корисникот е должен тоа да му го овозможи.

чл. 7

Корисникот се обврзува за секоја своја статусна промена веднаш да го извести ЗАМП, а најдоцна во рок од 8 (осум) дена по извршената промена.

чл. 8

За се што не е предвидено со овој Договор, ќе се применуваат одредбите од Законот за авторското право и сродните права и Законот за облигационите односи.

чл. 9

Овој Договор се склучува на неопределено време.

чл. 10

Овој Договор е составен во 4 (четири) еднообразни примероци, од кои по два за секоја од договорните страни.

чл. 11

Во случај на спор при толкувањето на некоја од одредбите на овој Договор, договорните страни ќе се трудат спорните прашања да ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи, а ако тоа не е можно, надлежен за решавање ќе биде Основниот суд Скопје II - Скопје.

**З А М П** **КОРИСНИК**